# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Петок, 30 октомври 1987
Скопје
Број 40 Год. XLIII

Претплатата за 1987 година изнесува 12.000 динари. Овој број чини 300 дин. Жиро сметка 40100-603-12498


**698.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕПУБЛИЧКИТЕ НАГРАДИ

Се прогласува Законот за републичките награди, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 22 октомври 1987 година.

Бр. 08-2979/1
22 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Драгољуб Ставрев**, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

### З А К О Н
### ЗА РЕПУБЛИЧКИТЕ НАГРАДИ

Член 1

Во Социјалистичка Република Македонија се доделуваат републички награди (награди) со кои се оддава општествено признание за особено значајни остварувања од интерес за Републиката во областа на стопанството, науката, уметноста, воспитанието и образованието, културата, физичката и техничката култура, здравствената, социјалната и хуманитарната дејност, заштитата на човековата околина, општествено-политичкиот систем на социјалистичкото самоуправување, публицистиката и новинарството.

Член 2

Наградите се доделуваат на поединци, групи творци, екипи и на организации на здружениот труд, други самоуправни организации и заедници, општествени организации и здруженија на граѓани (организации).

Наградите под услови определени со овој закон, можат да се доделат и на странски државјани, како и на групи творци, екипи и институции од странство.

Член 3

Во Социјалистичка Република Македонија се доделуваат следниве награди:

— „11 Октомври“;
— „Климент Охридски“;
— „Гоце Делчев“;
— „Мито Хаџи Василев — Јасмин“ и
— „25 Мај“.

Член 4

Со наградата „11 Октомври“ се оддава највисоко признание за долгогодишни остварувања во сите области на општествениот труд.

Во една година може да се доделат најмногу десет награди.

Член 5

Со наградата „Климент Охридски“ се оддава признание за остварување во областа на воспитанието, образованието, културата, уметноста, здравството, заштитата и унапредувањето на човековата околина и во социјалната и хуманитарната дејност.

Во една година може да се доделат најмногу шест награди.

Член 6

Со наградата „Гоце Делчев“ се оддава признание за остварување во областа на науката.

Во една година може да се доделат најмногу пет награди.

Член 7

Со наградата „Мито Хаџивасилев — Јасмин“ се оддава признание за остварување во областа на публицистиката и новинарството.

Во една година може да се доделат најмногу две награди.

Член 8

Со наградата „25 Мај“ се оддава признание за остварување во областа на спортот, физичката и техничката култура.

Во една година може да се доделат најмногу четири награди.

Член 9

Наградите се доделуваат по правило секоја година.

Член 10

Поединец, група творци или екипа и член на група творци или екипа, може да биде добитник на иста награда за остварување во иста област, само еднаш.

Добитник на награда, како член на група творци или на екипа може да биде добитник на иста награда за остварување во истата област и како поединец.

Член 11

Иницијативи за доделување награди можат да поднесат организации на здружениот труд и други самоуправни организации и заедници, општествено-политички организации, општествени организации, органи, здруженија на граѓани и граѓани.

Член 12

Наградите ги доделуваат одбори за доделување на наградите (одбори).

Одборите, одлуките за доделување на наградите ги донесуваат со јавно гласање, доколку одборите не утврдат гласањето да биде тајно.

Одборите се составени од претседател и 12 членови.

Претседателите и членовите на одборите ги именува Собранието на Социјалистичка Република Македонија од редот на истакнати работници во областите во кои се доделуваат наградите и од општествени работници.

Мандатот на претседателите и на членовите на одборите трае 2 години.

Работата на одборите е јавна.

Член 13

За следење и увид во остварувањата и за давање предлози за доделување на наградите, одборите образуваат стручни комисии.

Член 14

Секој одбор донесува правилник за работа, со кој поблиску се определуваат постапката за доделување на наградите, роковите за распишување конкурс и поднесување иницијативи, начинот на работата на одборот, составот и работата на стручните комисии, начинот на предавањето на наградите, обликот и содржината на дипломите и плакетите и други прашања во врска со доделувањето на наградите.

Член 15

Одлуките на одборите за доделување на наградите се објавуваат во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Одлуките на одборите за доделување на наградите се објавуваат и преку средствата за јавно информирање, најдоцна 3 дена пред денот на врачувањето на наградите.

Член 16

На награден поединец му се доделува диплома и паричен износ.

На секој член на наградена група творци или екипа му се доделува диплома и подеднаков дел од паричниот износ.

На наградена организација ѝ се доделува диплома и плакета.

На добитници на наградата „11 Октомври“ им се доделува и плакета.

На дипломите се става печат што ги содржи грбот на Социјалистичка Република Македонија, текстот „Социјалистичка Република Македонија“ и името на одборот за доделување на наградата.

Член 17

Паричниот износ на наградата „11 Октомври“ изнесува осум просечни лични доходи исплатени во стопанството на Републиката во претходната година.

Паричниот износ на наградите „Климент Охридски“, „Гоце Делчев“, „Мито Хаџи Василев — Јасмин“ и „25 Мај“ изнесува пет просечни лични доходи исплатени во стопанството на Републиката во претходната година.

Средствата за наградите се обезбедуваат од Републичкиот буџет.

Член 18

Наградите се врачуваат:

— Наградата „11 Октомври“ на 11 Октомври — Денот на востанието на македонскиот народ;

— Наградата „Климент Охридски“ на 24 мај — Денот на словенските просветители;

— Наградата „Гоце Делчев“ на 4 мај — Денот на смртта на Гоце Делчев;

— Наградата „Мито Хаџи Василев — Јасмин“ на 21 декември — Денот на раѓањето на Мито Хаџи Василев — Јасмин; и

— Наградата „25 Мај“ на 25 мај — Денот на младоста.

Член 19

Стручните, финансиските и административните работи во врска со доделувањето на наградите ги вршат:

— за наградите „11 Октомври“ и „Климент Охридски“, Републичкиот комитет за култура;

— за наградата „Гоце Делчев“, Републичкиот комитет за наука, технолошки развој и информатика;

— за наградата „25 Мај“, Републичкиот комитет за образование и физичка култура; и

— за наградата „Мито Хаџи Василев — Јасмин“, Републичкиот комитет за информации.

Член 20

Одборите се должни да ги донесат правилниците од член 15 на овој закон во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 21

Доделувањето на наградите во 1987 година ќе се изврши според одредбите од Законот за републичките награди („Службен весник на СРМ“ бр. 39/84).

Член 22

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престанува да важи Законот за републичките награди („Службен весник на СРМ“ бр. 39/84).

Член 23

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**699.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за општествена заштита на децата,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 22 октомври 1987 година.

Бр. 08-3034/1
22 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Драгољуб Ставрев,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Член 1

Во Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ“ бр. 6/81) во член 19 став 1 по зборот „зависност“ се додаваат зборовите: „од бројот на децата во семејството“.

Став 2 се менува и гласи:

„Корисници на додаток на деца, во смисла на став 1 од овој член се првите три деца по редот на раѓање, најдоцна до навршени 26 години од животот, доколку се на редовно школување“.

Во став 4 зборовите: „професионална рехабилитација“ се заменуваат со зборовите: „работно оспособување“, а зборот „нејзиното“ се заменува со зборот „неговото“.

Член 2

Член 25 се менува и гласи:

„Посебен додаток остварува дете со тешки, потешки и најтешки пречки во психичкиот и физичкиот развиток“.

Член 3

Во член 26 зборот „секое“ се заменува со зборот „првото“, а зборовите: „паричен надоместок или“ се бришат.

Член 4

Во член 57 став 1 по зборот „средства“ се додаваат зборовите: „од доходот и“.

По став 3 се додава нов став кој гласи:

„За висината на средствата што се здружуваат во Републичката заедница за тековната година, согласност дава Собранието на Социјалистичка Република Македонија“.

Во став 4 зборот „ослободувањето“ и зборовите: „став 1 и“ се бришат.

Член 5

Во членот 67 зборовите: „крајот на 1981“ се заменуваат со зборовите: „31 март 1988“.

Член 6

По член 67 се додава нов член 67-а кој гласи:

„Член 67-а

Одредбите од член 1 ставовите 1 и 2 и членовите 2 и 3 од овој закон, ќе се применуваат од 1 април 1988 година".

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**700.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДЕЛОВНИТЕ ЗГРАДИ И ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за деловните згради и деловните простории,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Соборот на општините, одржани на 22 октомври 1987 година.

Бр. 08-2978/1
22 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Драгољуб Ставрев**, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДЕЛОВНИТЕ ЗГРАДИ И ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИИ

Член 1

Во Законот за деловните згради и деловните простории („Службен весник на СРМ" број 36/75) во член 50 став 1 бројот „3.000" се заменува со бројот „30.000", а бројот „50 000" се заменува со бројот „200.000".

Во став 2 бројот „1 000" се заменува со бројот „10.000", а бројот „10.000" се заменува со бројот „50.000".

Во став 3 бројот „2 000" се заменува со бројот „10.000", а бројот „10.000" се заменува со бројот „50.000".

Член 2

Член 52 се брише.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**701.**

Врз основа на член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за републичките даноци на граѓаните („Службен весник на СРМ" бр. 46/86), Законодавно-правната комисија на Собранието на СРМ, на седницата одржана на 15 октомври 1987 година, го утврди пречистениот текст на Законот за републичките даноци на граѓаните.

Пречистениот текст на Законот за републичките даноци на граѓаните ги опфаќа Законот за републичките даноци на граѓаните („Службен весник на СРМ" број 50/82), Законот за изменување и дополнување на Законот за републичките даноци на граѓаните („Службен весник на СРМ" број 38/83), Законот за изменување на Законот за републичките даноци на граѓаните („Службен весник на СРМ" број 3/85), Исправката на Законот за изменување на Законот за републичките даноци на граѓаните („Службен весник на СРМ" број 16/85), Законот за изменување на Законот за републичките даноци на граѓаните („Службен весник на СРМ" број 44/85) и Законот за изменување и дополнување на Законот за републичките даноци на граѓаните („Службен весник на СРМ" број 46/86), во кои е означено времето на нивното влегување во сила

Бр. 13-2928
15 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Законодавно-правната комисија на Собранието на СРМ,
**Иван Гиновски**, с. р.

## ЗАКОН
## ЗА РЕПУБЛИЧКИТЕ ДАНОЦИ НА ГРАЃАНИТЕ

**(Пречистен текст)**

Член 1

Социјалистичка Република Македонија ги воведува следниве републички даноци:

1. Данок од личен доход на работниците;
2. Данок од личен доход од вршење на земјоделска дејност;
3. Данок од личен доход од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност; и
4. Данок на вкупниот приход на граѓаните.

Член 2

Републичкиот данок од личен доход на работниците се плаќа:

— од личниот доход по стапка од 1,7%; и

— за примањата од работен однос на уживателите на пензија, кои врз основа на таквата работа немаат својство на осигуреник и на примањата за работа подолга од полното работно време по стапка од 50%.

Член 3

Републичкиот данок од личен доход од вршење на земјоделска дејност се плаќа по следниве стапки:

1. За обврзниците на кои земјоделството им е основна дејност — 1,5%; и
2. За обврзниците на кои земјоделството не им е основна дејност — 30%.

Од републичкиот данок од личен доход од вршење на земјоделска дејност од став 1 на овој член, 50% се отстапува како приход на Републичката самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците.

Член 4

Републичкиот данок од личен доход од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност се плаќа по стапка од 1,7%.

Член 5

Данокот на вкупниот приход на граѓаните се плаќа по следниве стапки:

| Ако основицата на данокот изнесува | | | Се плаќа данок износ и стапка | | На основица над |
|---|---|---|---|---|---|
| | до | 40.000 | | 3% | |
| 40.000 | до | 100.000 | 1.200 | + 3,5% | 40.000 |
| 100.000 | до | 200.000 | 3.300 | + 4% | 100.000 |
| 200.000 | до | 300.000 | 7.300 | + 4,5% | 200.000 |
| 300.000 | до | 400.000 | 11.800 | + 5% | 300.000 |
| 400.000 | до | 500.000 | 16.800 | + 5,5% | 400.000 |
| 500.000 | до | 1.000.000 | 22.300 | + 6% | 500.000 |
| 1.000.000 | до | 1.500.000 | 52.300 | + 6,5% | 1.000.000 |
| 1.500.000 | до | 2.000.000 | 84.800 | +10% | 1.500.000 |
| 2.000.000 | до | 2 500.000 | 134.800 | +20% | 2.000.000 |
| 2.500.000 | до | 3.000.000 | 234.800 | +50% | 2.500.000 |
| | над | 3.000.000 | 484.800 | +70% | 3.000.000 |

Обврзниците на данокот на вкупниот приход на граѓаните, кои покрај личните доходи од редовен работен однос, од самостојно вршење на земјоделска, стопанска и професионална дејност и од авторски права, оствариле приходи и од други извори, што подлежат на плаќање данок по основ на вкупниот приход на граѓаните, плаќаат зголемен данок кој е сразмерен на процентот на учеството на дополнителните приходи во основицата за оданочување.

Зголемениот данок од став 2 на овој член може да изнесува најмногу до 80%.

Член 6

Приходите од данокот на вкупниот приход на граѓаните се издвојуваат на посебна републичка сметка, како наменски средства за унапредување, организација и работа на органите за општествени приходи во општините и Републиката.

Користењето на средствата од став 1 на овој член се врши според програмата за унапредување, организација и работа на органите за општествени приходи на општините и Републиката.

Програмата од став 2 на овој член ја донесува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, но претходно мислење од извршните совети на со браниjата на општините.

За реализација на програмата од ставовите 2 и 3 на овој член се грижи Републичкиот секретаријат за финансии.

Член 7

Се ослободуваат од плаќање на данок од личен доход од работен однос работниците од областа 01 — Индустрија и рударство, гранка 0126 — производство на готови текстилни производи, група 01269 — производство на други текстилни производи, подгрупа 012691 — производство на прекривачи за под, од областа 05 — градежништво, од областа 12 — образование, наука, култура и информации, од областа 13 — здравствена и социјална заштита и работници од областа 14 — општествено-политички заедници, самоуправни интересни заедници и општествено-политички организации, гранка 1401 — органи на општествено-политичките заедници, гранка 1404 — општествено-политички и општествени организации и здруженија на граѓани, група 14041 — општествено-политички организации и група 14042 — општествени организации, определени со Одлуката за единствена класификација на дејностите.

Член 8

Одредбите од член 5 на овој закон ќе се применуваат и на облогот на данокот на вкупниот при ход на граѓаните за 1986 година, што ќе се изврши во 1987 година.

Член 9

Со денот на влегување во сила на Законот за републичките даноци на граѓаните („Службен весник на СРМ“ број 50/82), престанува да важи Законот за републичките даноци на граѓаните („Службен весник на СРМ“ број 45/72, 45/73, 9/74, 48/74, 46/75, 4/77, 44/77, 9/78, 41/78, 37/79, 42/80, 43/80, и 38/81).

---

**702.**

Врз основа на член 14 од Законот за изменување и дополнување на Законот за условите и начинот на продажба на станбени згради и станови во општествена сопственост („Службен весник на СРМ“ број 19/85), Законодавно-правната комисија на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 15 октомври 1987 година го утврди пречистениот текст на Законот за условите и начинот на продажба на станбени згради и станови во општествена сопственост.

Пречистениот текст на Законот за условите и начинот на продажба на станбени згради и станови во општествена сопственост ги опфаќа Законот за условите и начинот на продажба на станбени згради и станови во општествена оспственост („Службен весник на СРМ“ број 21/72), Законот за изменување на Законот за условите и начинот на продажба на станбени згради и станови во општествена сопственост („Службен весник на СРМ“ број 14/75) и Законот за изменување и дополнување на Законот за условите и начинот на продажба на станбени згради и станови во општествена сопственост („Службен весник на СРМ“ број 19/85), во кои е означено времето на нивното влегување во сила.

Бр. 13-2929/1
15 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Законодавно-правната комисија на
Собранието на СРМ,
**Иван Гиновски,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ПРОДАЖБА НА СТАНБЕНИ ЗГРАДИ И СТАНОВИ ВО ОПШТЕСТВЕНА СОПСТВЕНОСТ

**(Пречистен текст)**

Член 1

Организациите на здружениот труд, општините и Републиката и другите општествено-правни лица (во натамошниот текст: продавач) можат да ги продаваат семејните станбени згради, односно становите како посебни делови на згради во општествена сопственост на граѓани и граѓанско-правни лица преку самоуправните интересни заедници на станувањето.

При продажбата на семејните станбени згради, односно становите во општествена сопственост, покрај општите услови што важат за продажба на згради, ќе се применуваат и одредбите на овој закон.

Одредбите на овој закон не се однесуваат на првата продажба на новоизградените невселени семејни станбени згради и станови произведени за пазар, кои продавачот ги става во промет во рамките на својата дејност.

Член 2

Договорите за продажба на станбени згради и станови во општествена сопственост во чие склучување учествувале работни организации во основање и други неовластени субјекти, не произведуваат правно дејство.

Член 3

Семејните станбени згради и станови во општествена сопственост може да се продаваат само по пазарна цена.

Како основа за определување на пазарната цена служи ревалоризираната вредност на семејната станбена зграда, односно станот утврдена во времето на продажбата, врз основа на трошоците на градбата на станбените згради, односно становите што се градат за пазар во таа година на подрачјето на општината, земајќи ги предвид квалитетот и квадратурата, како и удопството и местото на кое се наоѓа семејната станбена зграда, односно станот.

Утврдената вредност од став 2 на овој член се зголемува со надоместокот за уредување на градежното земјиште во време на продажбата, доколку овој надоместок не е содржан во цената на станот, а се намалува со амортизацијата на станбената зграда, односно станот.

Одлука за продажба на станбена зграда, односно стан донесува органот на управување на продавачот. Кога продавачот на станбена зграда, односно стан е општествено-политичка заедница, одлука за продажба донесува собранието на општествено-политичката заедница, доколку со закон не е поинаку определено.

Органот од став 4 на овој член ја утврдува цената на станбената зграда, односно станот.

Член 4

Продавачот со општ акт поблиску ги определува условите за продажба на семејните станбени згради и станови и утврдува обврска на купувачот да положи кауција од најмалку 5% од почетната цена кога продажбата се врши по пат на јавно наддавање.

Работниците во основните организации на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници општиот акт од став 1 на овој член го донесуваат со референдум.

Со општиот акт од став 1 на овој член продавачот ги определува особено постапката и условите за продажба.

Член 5

Условите за продажба на семејната станбена зграда, односно станот, а особено сопственото учество, рокот на отплатата и каматната стапка на кредитот не може да бидат поповолни од условите за добивање на станбени кредити, определени од банката на подрачјето на општината на кое се наоѓа станбената зграда, односно станот во времето на продажбата.

Под сопствено учество во смисла на став 1 на овој член се сметаат личните средства на граѓаните.

Член 6

Продавачот е должен на носителот на станарското право да му ја понуди на продажба станбената зграда, односно станот во кој живее и да му ја соопшти цената и условите на продажбата.

Ако носителот на станарското право во рок од 30 дена од денот на соопштувањето на понудата не изјави дека ја прифаќа понудата под исти услови, продажбата на предметниот стан ќе и биде понудена на самоуправната интересна заедница на становањето на територијата на општината во која се наоѓа станот.

Ако во рокот утврден во претходниот став самоуправната интересна заедница на становањето не ја прифати понудата по барање на продавачот, продажбата ќе се изврши по пат на јавно наддавање, односно по пат на ставање писмени понуди.

Кога становите се отуѓуваат по пат на јавно наддавање или по пат на ставање писмени понуди како почетна цена се смета продажната цена определена во смисла на ставовите 2 и 3 на член 3 од Законот.

При продажбата на семејни станбени згради, односно станови по пат на јавно наддавање, односно по пат на ставање писмени понуди, првенствено право на купување под еднакви услови има купувачот што е член на работната заедница на продавачот.

Право на учество на јавно наддавање имаат само граѓаните што не поседуваат стан во сопственост.

Објавувањето на условите за продажба на семејна станбена зграда, односно стан по пат на јавно наддавање, односно по пат на ставање писмени понуди за купување, го врши самоуправната интересна заедница на становањето преку дневниот печат и други средства за јавно информирање во Републиката.

Член 7

Договорот за купопродажба на семејна станбена зграда, односно стан на кој се однесуваат одредбите на овој закон изготвен во 4 примероци, општиот акт од член 4 на овој закон и одлуката за продажба, самоуправната интересна заедница на становањето е должна да ги достави на увид на општинскиот јавен правобранител, односно на републичкиот јавен правобранител ако во општината нема општински јавен правобранител, во рок од 30 дена од денот на склучувањето на договорот. Општинскиот, односно републичкиот јавен правобранител е должен да го потврди приемот на договорот.

Општинскиот јавен правобранител е должен еден примерок од договорот за купопродажба, од општиот акт од член 4 на овој закон и од одлуката за продажба во рок од 15 дена од денот на приемот, да му достави на републичкиот јавен правобранител.

Надлежноста на јавното правобранителство се определува според местото каде што се наоѓа семејната станбена зграда, односно станот.

Без потврда од општинскиот јавен правобранител, односно од републичкиот јавен правобранител судот, односно друг надлежен орган, не може да ги завери потписите на договорот, ниту договорот може да се заведе во јавните книги.

Член 8

Ако општинскиот јавен правобранител утврди дека продажбата е извршена спротивно на одредбите на овој закон или општиот акт од член 4 на овој закон и одлуката за продажба, ќе поднесе тужба за поништување на договорот за продажба, во рок од шест месеци од приемот на договорот.

Покрај поништувањето на договорот од став 1 на овој член ќе се бара и враќање на семејната станбена зграда, односно станот.

Барањето за враќање од став 2 на овој член може да се постави и спрема трето лице.

Договорот од став 1 на овој член ќе остане во сила ако во постапката покрената од јавниот правобранител, се сообрази со одредбите на овој закон.

Член 9

Ака општинскиот јавен правобранител не поднесе тужба според член 8 од овој закон, тужбата ќе ја поднесе републичкиот јавен правобранител во рок од една година од приемот на договорот.

Член 10

Роковите од членовите 8 и 9 на овој закон не се однесуваат на случаите кога договорот за продажба на станбена зграда, односно стан во општествена сопственост е ништовен според општите прописи.

Член 11

Договорот за продажба на семејна станбена зграда, односно стан во општествена сопственост на граѓани и граѓанско-правни лица склучен по 1 јануари 1966 година продавачот е должен да го достави на јавниот правобранител во рок од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

Јавниот правобранител е должен во рок од една година од приемот на договорот од став 1 на овој член да поднесе тужба за негово поништување, ако утврди дека продажбата на семејната станбена зграда, односно стан е извршена под условите што за купувачот се поповолни од условите во членовите 3 и 5 од овој закон.

Договорот од став 1 на овој член ќе остане во сила ако во постапката покрената од јавниот правобранител, се сообрази со одредбите на членовите 3 и 5 од овој закон.

Член 12

Со парична казна од 10.000 до 60.000 динари ќе се казни за прекршок самоуправната интересна заедница на становањето, односно продавачот ако на општинскиот јавен правобранител, односно републичкиот јавен правобранител не му го поднесат договорот за продажба на семејна станбена зграда, односно стан во општествена сопственост и актот со кој се утврдуваат условите за продажба, на начин и во роковите утврдени во членовите 7 и 11 на овој закон.

Со парична казна од 10.000 до 60.000 динари ќе се казни за прекршок продавач кој врши продажба на семејна станбена зграда, односно стан спротивно на одредбите на овој закон.

За прекршок од ставовите 1 и 2 на овој член со парична казна од 5.000 до 10.000 динари ќе се казни и одговорното лице.

Член 13

Одредбите на овој закон ќе се применуваат и на договорите кои до денот на неговото влегување во сила не се потврдени од јавниот правобранител во смисла на член 7 од овој закон.

Член 14

Со денот на влегување во сила на Законот за условите и начинот на продажба на станбени згради и станови во општествена сопственост („Службен весник на СРМ“ број 21/71) престанува да важи Законот за забрана на продажба на станбени згради и станови во општествена сопственост објавен во („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ број 42/71).

**703.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 8 од Уставот на СРМ, а во врска со член 12 и 9 од Законот за помилување, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 23. X. 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Извршувањето на изречената казна затвор им се услови за 1 година на осудените лица:

1. Муслиоски Musли Расим од Центар Жупа, во траење од 15 дена,
2. Петкоски Никола Борис од с. Пешталево, во траење од 45 дена,
3. Циркоски Коста Љубе од с. Враништа, во траење од 2 месеца,
4. Бајрами Ракип Али од Скопје, во траење од 3 месеца,
5. Тартев Јован Ѓорѓи од Скопје, во траење од 4 месеци,
6. Марков Костадин Петар од с. Ново Село, во траење од 4 месеци.

II

Делумно се ослободува од натамошно извршување на изречената казна затвор осуденото лице:

1. Данев Трајко Лазо од Кавадарци, во траење од 8 месеци.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-856
23 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Драгољуб Ставрев,** с. р.

**704.**

Врз основа на член 318 точка 24, член 338 алинеја 6, согласно со член 376 став 1 алинеја 5 и амандман VII на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 22 октомври 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УСТАВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА

За претседател на Уставниот суд на Македонија се избира д-р Фиданчо Стоев, судија на Уставниот суд на Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3043/1
22 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**705.**

Врз основа на член 318 точка 24, член 338 алинеја 6, согласно со член 376 став 1 алинеја 5 и амандман VII на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 22 октомври 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА УСТАВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА

За судија на Уставниот суд на Македонија се избира д-р Филип Лазарески, секретар на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3042/1
22 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**706.**

Врз основа на член 318 точка 24, член 338 алинеја 6, согласно со член 376 став 1 алинеја 5 и амандман VII од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 22 октомври 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УСТАВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА И ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ СУДИЈА НА УСТАВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА

Се разрешува од функцијата претседател на Уставниот суд на Македонија и од функцијата судија на Уставниот суд на Македонија Димче Козаров, поради избор за судија на Уставниот суд на Југославија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3023/1
22 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**707.**

Врз основа на член 162 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ број 45/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 22 октомври 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА СООБРАЌАЈ И ВРСКИ

I. Се разрешуваат од должноста членови на Републичкиот комитет за сообраќај и врски, поради исполнување услови за пензија:

— Катерина Бахчеванџиева,
— Антоније Бабачев и
— Никола Тозија

II. За членови на Републичкиот комитет за сообраќај и врски се именуваат:

Стерјо Наков, заменик главен директор на ЖТО Скопје,

Стевица Божиновски, секретар на Републичката СИЗ за патишта и

Велимир Таневски, директор на РО Аеродром „Скопје“ — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3031/1
22 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р

**708.**

Врз основа на член 338 став 1 алинеја 8 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, а согласно со член 61 од Законот за Народната банка на Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 22 октомври 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ВИЦЕГУВЕРНЕР НА НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА

I. Се разрешува од функцијата вицегувернер на Народната банка на Македонија Спасе Диневски, поради избор на друга должност

II. Разрешувањето се врши заклучно со 30 септември 1987 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08 3025/1
22 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

---

**709.**

Врз основа на член 42 од Законот за судовите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 41/75), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 22 октомври 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПОСТОЈАН СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ СУД НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД — БИТОЛА

За постојан судија на Основниот суд на здружениот труд во Битола се избира м-р Љубе Неделковски, предавач на Правниот факултет во Битола.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3030/1
22 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

---

**710.**

Врз основа на член 78 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ број 10/76, 30/77, 36/77, 9/78, 46/82 и 11/87) на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 22 октомври 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОКРУЖНИОТ СТОПАНСКИ СУД ВО ШТИП

За судија на Окружниот стопански суд во Штип се избира Рушка Папарова, судија на Општинскиот суд — Штип.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3029/1
22 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р

**711.**

Врз основа на член 78 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ број 10/76, 30/77, 36/77, 9/78, 27/78, 46/82 и 11/87) Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 22 октомври 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОКРУЖНИОТ СТОПАНСКИ СУД ВО СКОПЈЕ

За судија на Окружниот стопански суд во Скопје се избира Оливера Рафајловска, судија на Општинскиот суд Скопје II — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3028/1
22 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

---

**712.**

Врз основа на член 78 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ број 10/76, 30/77, 36/77, 9/78, 27/78, 46/82 и 11/87) Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 22 октомври 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОКРУЖНИОТ СУД ВО БИТОЛА

За судија на Окружниот суд во Битола се избира Кице Јузевски, судија на Општинскиот суд — Битола.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3027/1
22 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

---

**713.**

Врз основа на член 25 став 1 и член 28 став 1 точка 2 од Законот за јавното правобранителство („Службен весник на СРМ“ број 9/77, 6/81, 46/82 и 11/87) Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 22 октомври 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ЈАВНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ НА МАКЕДОНИЈА

I. Се разрешува од должноста заменик на јавниот правобранител на Македонија д-р Кирил Чавдар, поради избор за судија на Сојузниот суд.

II. Разрешувањето се врши заклучно со 30 септември 1987 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3024/1
22 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

714.

Врз основа на член 35 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на СРМ“ број 10/76, 20/77, 6/81, 46/82 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 22 октомври 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИЦИ НА ОКРУЖНИОТ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ — СКОПЈЕ

За заменици на Окружниот јавен обвинител Скопје се именуваат:

Клео Бубевска, заменик општински јавен обвинител — Скопје и

Миле Петровски, заменик општински јавен обвинител — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3026/1
22 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

715.

Врз основа на член 41 став 1 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ број 10/83, 43/85 и 13/86), Собранието на СР Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 22 октомври 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ СО ПРОГРАМАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ВИДОВИ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО СР МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1986 ДО 1990 ГОДИНА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Програмата за дополнување на Програмата за спроведување на задолжителните видови на здравствена заштита на населението во СР Македонија за периодот од 1986 до 1990 година, што ја донесе Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за здравствена заштита на седницата одржана на 16 април 1987 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3035/1
22 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

716.

Врз основа на членовите 394 и 400 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 22 октомври 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА САМОУПРАВНАТА СПОГОДБА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ЕКОНОМСКАТА ЦЕНА И НА НАДОМЕСТОКОТ ШТО ЌЕ ГО ПЛАЌААТ СТУДЕНТИТЕ ЗА УСЛУГИТЕ ВО ОБЈЕКТИТЕ НА СТУДЕНТСКИОТ ЦЕНТАР „СКОПЈЕ“ — СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1 СЕПТЕМВРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 1987 ГОДИНА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија ја усвојува Самоуправната спогодба за утврдување на висината на економската цена и на надоместокот што ќе го плаќаат студентите за услугите во објектите на Студентскиот центар „Скопје“ — Скопје за периодот од 1 септември до 31 декември 1987 година.

Се овластува д-р Саво Климовски, член на Извршниот совет на Собранието на СРМ и претседател на Републичкиот комитет за образование и физичка култура, од името на Собранието на Социјалистичка Република Македонија да ја потпише Самоуправната спогодба.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3036/1
22 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

717.

Врз основа на член 77 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ број 9/86), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 22 октомври 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЗАВОДОТ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ — СКОПЈЕ

За членови на Конкурсната комисија за именување директор на Заводот за рехабилитација на деца и младинци — Скопје се именуваат:

Бранка Поповска, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ, наставник во ОУ „Живко Брајковски“ — Скопје и

Нове Саздовски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, (член на Одборот за здравство и социјална политика).

СОБОР НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3020/1
22 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

718.

Врз основа на член 163 став 2 од Законот за водите („Службен весник на СРМ“ број 6/81), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 22 октомври 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА РАБОТНИЧКИОТ СОВЕТ НА СОЗТ „ВОДОСТОПАНСТВО НА СРМ“ — СКОПЈЕ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА СОЗТ „ВОДОСТОПАНСТВО НА СРМ“ — СКОПЈЕ

Се дава согласност на Одлуката на Работничкиот совет на СОЗТ „Водостопанство на СРМ“ — Скопје со која за директор на организацијата е именуван

Владимир Лазаревски, дипломиран градежен инженер, раководител на Секторот за развој во СОЗТ „Водостопанство на СРМ“ — Скопје.

СОБОР НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3021/1
22 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**719.**

Врз основа на член 257 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 22 октомври 1987 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДЕКАН НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА — СКОПЈЕ**

За членови на Комисијата за изготвување предлог за именување декан на Факултетот за физичка култура — Скопје се именуваат:

Марица Георгиевска, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ и

Милорад Кратовалиев, член на Извршниот совет на Собранието на општина „Карпош“, претседател на Ракометниот сојуз на град Скопје.

СОБОР НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3018/1
22 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски**, с. р.

---

**720.**

Врз основа на член 400 од Деловникот на Собранието на СРМ, Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 22 октомври 1987 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДЕЛЕГИРАЊЕ ЧЛЕН НА КООРДИНАЦИОНИОТ ОДБОР ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПРОБНИОТ ПОПИС НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО 1988 ГОДИНА**

За член на Координациониот одбор за организирање на пробниот попис на населението во 1988 година се делегира Драган Николовски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ.

СОБОР НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3022/1
22 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски**, с. р.

---

**721.**

Врз основа на член 61 став 2 од Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на СРМ“ број 16/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 22 октомври 1987 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ВЕТЕРИНАРНИОТ ИНСТИТУТ — СКОПЈЕ**

За членови на Конкурсната комисија за именување директор на Ветеринарниот институт — Скопје се именуваат:

д-р Ристо Бузалков, професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје и

Милка Божикова делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ.

СОБОР НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3016/1
22 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски**, с. р.

**722.**

Врз основа на член 248 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85) Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 22 октомври 1987 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА — СКОПЈЕ**

I. Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на Факултетот за физичка култура — Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

Тихомир Ѓорѓиоски,
Сотир Балуковски и
Шаип Салиу.

II. За претставници на општествената заедница во Советот на Факултетот за физичка култура — Скопје се именуваат:

д-р Душан Микиќ, секретар и член на Претседателството на Ракометниот сојуз на Македонија, вработен во Републичкиот завод за здравствена заштита,

Светлана Топузовска, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, професор во ОУ „29 Ноември“ — Скопје (член на Одборот за образование, наука и култура) и

Александар Џамбазов, член на Претседателството на Советот на ССМ (претседател на Одборот за одмор и рекреација), вработен во МЗ „Тито“ — Скопје.

СОБОР НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3017/1
22 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски**, с. р.

---

**723.**

Врз основа на член 26 од Законот за музејската дејност („Службен весник на СРМ“ број 25/79). Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 22 октомври 1987 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ПРИРОДНО-НАУЧНИОТ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА — СКОПЈЕ**

За членови на Конкурсната комисија за изготвување предлог за именување директор на Природно-научниот музеј на Македонија Скопје се именуваат:

Доминица Минчева, самостоен советник во Собранието на СРМ, и

д-р Иван Чадо, самостоен советник во Извршниот совет на Собранието на СРМ.

СОБОР НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3019/1
22 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски**, с. р.

724.

Врз основа на член 28 став 1, а во врска со член 39 став 1 од Законот за избор на членови на делегациите и на делегатите во собранијата на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници, претседателот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на ден 27 октомври 1987 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИ ИЗБОРИ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ДЕЛЕГАТ ВО СОБОРОТ НА ОПШТИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ ОД СОБРАНИЕТО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

I

Се распишуваат дополнителни избори за избор на еден делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ од општината Крива Паланка.

Изборите да се извршат помеѓу 22 и 26 декември 1987 година

II

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а пропишаните дејствија почнуваат да течат од 1 октомври 1987 година.

Бр. 08-2980
27 септември 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р

725.

Врз основа на член 10 од Уредбата за највисоките износи на патните, дневните и другите трошоци на работниците во републичките органи на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 36/81, 27/85 и 43/86) а во врска со член 27 точка 1 од Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и други примања и надоместоци на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ“ бр. 28/87), Комисијата за кадровски и административни прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА ДНЕВНИЦИТЕ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА НА РАБОТНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА И ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДНИТЕ РАБОТНИЦИ ШТО ГИ ИМЕНУВА ОДНОСНО НАЗНАЧУВА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Висината на дневниците за службени патувања на работниците во републичките органи на управата и во републичките организации и на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија изнесува 6.000 динари.

2. Доколку за време на службеното патување не се ноќева надвор од местото на живеење дневницата се намалува за 30%.

3. Ако за време на службеното патување се користи ноќевање на работниците им се признаваат трошоци за ноќевање во износ утврден за хотел „Б“ категорија.

4. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 17-859 од 17 април 1987 година.

5. Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 16 октомври 1987 година.

Бр. 17-1979
16 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за кадровски и административни прашања,
д-р **Владо Камбовски,** с. р.

726.

Врз основа на член 21 став 1 од Уредбата за највисоките износи на патните, дневните и другите трошоци на работниците во републичките органи на управата („Службен весник на СРМ“ број 36/81, 27/85 43/86), а во врска со член 27 точка 2 од Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и други примања и надоместоци на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 28/87), Комисијата за кадровски и административни прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО

1. Надоместокот на трошоците за одвоен живот од семејството на работниците во републичките органи на управата и во републичките организации и на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија се утврдува во износ од 55.000 динари.

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 17-858 од 17 април 1987 година.

3. Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 ноември 1987 година.

Бр. 17-1978
16 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за кадровски и административни прашања,
д-р **Владо Камбовски,** с. р.

727.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА И МАЛО СТОПАНСТВО

За советник на претседателот на Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и мало стопанство се назначува Бориз Милошевски, досегашен главен инженер на производство во ООЗТ „Фаморд“ при Рудници и железарница „Скопје“ — Скопје

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-256/2
15 октомври 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
инж. **Васил Влашки,** с. р.

728.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ број 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА И МАЛО СТОПАНСТВО

За советник на претседателот на Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и мало стопан

ство се назначува Душан Стојановски, досегашен заменик на генералниот директор на РО „АРТ“ — Скопје

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-1616/2
15 октомври 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
инж. **Васил Влашки,** с. р

---

**729.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ број 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

За помошник на републичкиот секретар за внатрешни работи се назначува Александар Арсовски, досегашен началник на Управата на Службата за државна безбедност во Скопје.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-1793/2
15 октомври 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
инж. **Васил Влашки,** с. р

---

**730.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ број 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА КУЛТУРА

Се разрешува од должноста советник на претседателот на Републичкиот комитет за култура Иван ка Крле — Кочоска, поради исполнување услови за пензија, заклучно со 31. X. 1987 година, кога ѝ престанува работниот однос.

Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-1991/1
15 октомври 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
инж. **Васил Влашки,** с. р.

---

**731.**

Врз основа на член 84 став 4 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 43/81), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА САМОСТОЕН СОВЕТНИК ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

Се разрешува од должноста самостоен советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија д-р Иван Чадо, поради исполнување на условите за пензија заклучно со 30. XI. 1987 година, кога му престанува работниот однос.

Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-1992/1
15 октомври 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
инж. **Васил Влашки,** с. р.

---

**732.**

Врз основа на член 90 став 4 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр 43/81), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СЕКРЕТАР НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА КАДРОВСКИ ПРАШАЊА НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

Се разрешува од должноста секретар на Секретаријатот за кадровски прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија Душан Апостоловски, поради исполнување на условите за пензија, утврдени со членот 98 од Законот за работните односи, заклучно со 30 IX. 1987 година, кога му престанува работниот однос.

Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-1993/1
15 октомври 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
инж. **Васил Влашки,** с. р.

---

**733.**

Врз основа на член 172 став 5 од Законот за државната управа „Службен весник на СРМ“ број 45/80) и член 34 став 4 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 43/81), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ЗАМЕНУВАЊЕ НА СЕКРЕТАРОТ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА КАДРОВСКИ ПРАШАЊА НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

Ристо Тоневски, помошник на секретарот на Секретаријатот се определува да го заменува секретарот на Секретаријатот за кадровски прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-1994/1
15 октомври 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
инж. **Васил Влашки,** с. р.

---

**734.**

Врз основа на член 37 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 43/81) и Одлуката за образување Комисија за информационо-документациона дејност („Службен весник на СРМ“ бр. 31/87), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ, ЗАМЕНИК И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИНФОРМАЦИОНО-ДОКУМЕНТАЦИОНА ДЕЈНОСТ

За претседател, заменик и членови на Комисијата за информационо-документациона дејност се именуваат:

а) за претседател:

— Тошо Мишевски, помошник за информатика на претседателот на Републичкиот комитет за наука, технолошки развој и информатика;

б) за заменик:

— м-р Душанка Чучевска, раководител на Одделението за информационо-документациона дејност при Извршниот совет на Собранието на СРМ;

в) за членови:

1. Павлина Василева, советник за информирање на Извршниот совет на Собранието на општината Битола,

2. Виолета Герасимовска, советник на директорот на Архивот на Македонија,

3. д-р Данчо Давчев, доцент на Електро-техничкиот факултет во Скопје,

4. Наум Наумовски, помошник на раководителот на Стручната служба на Собранието на општината Струга,

5. Свето Стефановски, раководител на Одделението за информативно-пропагандна дејност на ЦК СКМ,

6. м-р Вида Трајковска, директор на Градскиот завод за организација и развој на информациониот систем на град Скопје,

7. Добрила Шекеринова, самостоен документалист во Службата за документација и библиотека на Собранието на СР Македонија

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-1995/1
15 октомври 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
инж. **Васил Влашки,** с. р.

---

**735.**

Врз основа на член 3-а став 3 од Законот за боречки додаток на учесниците во Народноослободителното движење од Егејскиот дел на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 23/75, 27/77 и 18/83), претседателот на Републичкиот комитет за здравство и социјална политика донесува

## НАРЕДБА

### ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ОСНОВАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БОРЕЧКИОТ ДОДАТОК НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНОТО ДВИЖЕЊЕ ОД ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ОД 1 ЈУЛИ 1987 ГОДИНА

1. Основата за определување на боречкиот додаток се зголемува од 1 јули 1987 година, како аконтација за 28,15% и така зголемена изнесува 115.214 динари.

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 01-01-3641
7 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет
за здравство и социјална политика,
**Милован Шиковски,** с. р.

---

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

**233.**

Врз основа на член 47 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата одржана на 8 октомври 1987 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОБВРСКА ЗА УПЛАТА НА ПРИДОНЕС ОД ЛИЧЕН ДОХОД ВО РЕПУБЛИЧКАТА СИЗ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА И ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ НА КРЗНАРСКАТА ИНДУСТРИЈА „ДИМКО МИТРЕВ" — ТИТОВ ВЕЛЕС

Член 1

Крзнарската индустрија „Димко Митрев" — Титов Велес се ослободува од обврската за уплаќање придонес за основно образование и придонес за општествена заштита на децата во Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата.

Ослободувањето од обврската се однесува на сите исплати на личен доход што ќе бидат извршени во месец октомври, ноември и декември 1987 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавена во „Службен весник на СРМ".

Бр. 11-1361/11
8 октомври 1987 година
Скопје

Претседател,
**Македонка Јовиќ,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**234.**

Врз основа на член 142 став 1 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 3/84 и 33/86), а во врска со член 84 став 3 од Законот за дополнување на Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 65/87), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата на 27 октомври 1987 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПОСТЕПЕНО ПОМЕСТУВАЊЕ НА ИСПЛАТАТА НАНАЗАД НА ПЕНЗИИТЕ И ПАРИЧНИТЕ НАДОМЕСТОЦИ ОСТВАРЕНИ ДО 1 ЈУЛИ 1983 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се уредува начинот на преоѓањето на исплатата наназад на пензиите и паричните надоместоци остварени според прописите од пензиското и инвалидското осигурување до 1 јули 1983 година.

Член 2

Постепеното поместување на исплатата наназад на пензиите и паричните надоместоци од член 1 на оваа одлука ќе се врши за по пет дена подоцна во месецот, во рок од шест месеци, почнувајќи од ноември 1987 година и тоа:

— за ноември, на 5. XI. 1987 година,
— за декември, на 10. XII. 1987 година,
— за јануари, на 15. I. 1987 година,
— за февруари, на 20. II. 1987 година,
— за март, на 25. III. 1988 година.

Почнувајќи од април 1988 година сите пензии ќе се исплатуваат наназад.

Член 3

Исплатата на пензиите и паричните надоместоци на корисниците на пензии и парични надоместоци кои живеат во други републики и автономни покраини ќе се врши на начин и во рокови што ќе ги определи Поштенската штедилница — Белград.

На овој начин и во овие рокови ќе се врши исплата и на пензиите и паричните надоместоци на корисниците на пензија кои живеат во СРМ а исплатата на пензиските примања се врши преку Поштенската штедилница — Белград.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 5 ноември 1987 година.

Бр. 02-3620/1
27 октомври 1987 година
Скопје

Претседател,
**Анастас Милевски**, с. р.

**235.**

Врз основа на член 142 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 3/84 и 33/86), а во врска со член 31 став 1 и член 56, 57 и 142 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" број 18/83), член 73 и 75 став 2 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и член 2 од Општествениот договор за усогласување на пензиите во СР Македонија, Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 27 октомври 1987 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА АКОНТАТИВНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ И ПАРИЧНИТЕ НАДОМЕСТОЦИ СО ОСТВАРЕНИОТ ПОРАСТ НА НОМИНАЛНИТЕ ЛИЧНИ ДОХОДИ ВО РЕПУБЛИКАТА ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-АВГУСТ 1987 ГОДИНА

Член 1

Старосните, инвалидските и семејните пензии, материјалното обезбедување на вдовица односно вдовец, паричните надоместоци за пензија остварена во странство и паричните надоместоци во врска со правото на преквалификација или доквалификација и соодветно вработување на инвалидите на трудот со преостаната работна способност се усогласуваат со 67 насто, што претставува пораст на номиналните лични доходи на работниците во СРМ во периодот јануари-август 1987 година.

Пензиите и паричните надоместоци усогласени според одлуките за акontативно усогласување на пензиите и паричните надоместоци со движењето на номиналните лични доходи во Републиката во 1987 година („Службен весник на СРМ" бр. 7/87, 25/87 и 38/87) до процентот од став 1 на овој член се усогласуваат уште за 10 насто.

Член 2

Усогласувањето од член 1 на оваа одлука ќе се изврши на пензиите на учесниците во НОВ од пред 9 септември 1943 година определени од гарантирана пензиска основа, најнискиот износ на пензиите како и на пензиите со кои се исплатува додаток на пензијата, на износот на гарантирана пензија, најнискиот износ на пензијата односно на пензијата и додатокот на пензија определени за 1987 година според соодветните одлуки.

Член 3

Со процентот од член 1 на оваа одлука се усогласуваат и највисоките пензии остварени заклучно со 30 јуни 1987 година.

Највисоките пензии остварени по 30 јуни 1987 година се зголемуваат до износот на пензијата определена врз основа на остварените лични доходи и навршениот пензиски стаж, но најмногу до износот на највисоката пензија во 1987 година зголемена за процентот од член 1 на оваа одлука.

Член 4

Усогласувањето од член 1 на оваа одлука припаѓа на сите пензии, освен на пензиите на корисниците чија последна година од работата во смисла на член 25 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување е 1987 година, односно во чија пензиска основа се засметани целосно или делумно личните доходи односно основици на осигурување остварени во 1987 година.

Најнискиот износ на пензија и пензиите со кои се исплатува додаток на пензијата се усогласуваат без оглед на последната година од која се засметани личните доходи во пензиската основа.

Член 5

Дел од усогласувањето од член 1 на оваа одлука припаѓа и на пензиите на работниците во органите на Управата надлежни за внатрешни работи и семејните пензии издвоени по таа основа сразмерно од бројот на месеците од 1987 година во која примале пензија согласно член 137 став 2 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на СРМ" бр. 37/80) како и на пензиите на работниците во казнено-поправни и воспитно-поправни домови и семејните пензии изведени по таа основа сразмерно на бројот на месеците од 1987 година во која примале пензија согласно член 73-а од Законот за извршување на санкциите за кривични дела и стопански престапи („Службен весник на СРМ" бр. 19/79 и 35/86).

Член 6

Како основица за определување на износот на усогласувањето од член 1 на оваа одлука се зема износот на пензијата, материјалното обезбедување односно паричниот надоместок, усогласени според порастот на номиналните лични доходи во Републиката во 1986 година што на корисникот му припаѓа на 1 јануари 1987 година.

Член 7

Пензијата со додатокот на носител на „Партизанска споменица 1941" со усогласувањето од член 1 на оваа одлука не може да го надмине износот определен според член 9 став 3 од Законот за основните права на носителите на „Партизанска споменица 1941".

Член 8

Усогласувањето на пензиите и паричните надоместоци според оваа одлука ќе се изврши по службена должност, без донесување на решенија.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Бр. 02-3619/1
27 октомври 1987 година
Скопје

Претседател,
**Анастас Милевски**, с. р.

ЗДРУЖЕНА СИЗ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

**236.**

Врз основа на член 26, а согласно член 88 од Статутот, Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на општината Центар, на XI-та седница одржана на 17 септември 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА НАМАЛУВАЊЕ СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ЛИЧЕН ДОХОД ОД РАБОТЕН ОДНОС КАКО ПРИХОД НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА НА ОПШТИНАТА ЦЕНТАР ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 1987 ГОДИНА ВО ДЕЈНОСТА НА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Член 1

Стапката на придонесот од личен доход од работен однос како приход на Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на општината Центар за месец октомври 1987 година за задоволување на потребите на предучилишното воспитание и образование и општествена заштита на децата се намалува од 1,50% на 1%.

Член 2

Организациите на здружениот труд од основното, средното насочено образование и од социјалната заштита за месец октомври 1987 година ќе уплатуваат 50% од утврдената основица во член 1 од оваа одлука или 0,50%.

Организациите на здружениот труд од високото образование, општествената заштита на децата, организациите што вршат дејност и заштита на културните блага и од областа на сценско-музичките дејности за месец октомври 1987 година ќе уплатуваат 70% од утврдената основица во член 1 од оваа одлука или 0,70%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и „Службен гласник на град Скопје“.

Бр. 08-61
22 септември 1987 година
Скопје

Претседател,
**Михајло Николовски,** с. р.

**237.**

Врз основа на член 26, а согласно член 88 од Статутот, Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на општината Карпош, на XI-та седница одржана на 18 септември 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА НАМАЛУВАЊЕ СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ЛИЧЕН ДОХОД ОД РАБОТЕН ОДНОС КАКО ПРИХОД НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА НА ОПШТИНАТА КАРПОШ ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 1987 ГОДИНА ВО ДЕЈНОСТА НА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Член 1

Стапката на придонесот од личен доход од работен однос како приход на Самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на општината Карпош за месец октомври 1987 година за задоволување на потребите на предучилишното воспитание и образование и општествена заштита на децата се намалува од 1,50% на 1%.

Член 2

Организациите на здружениот труд од основното, средното насочено образование и од социјалната заштита за месец октомври 1987 година ќе уплатуваат 50% од утврдената основица во член 1 од оваа одлука или 0,50%.

Организациите на здружениот труд од високото образование, општествената заштита на децата, организациите што вршат дејност и заштита на културните блага и од областа на сценско-музичките дејности за месец октомври 1987 година ќе уплатуваат 70% од утврдената основица во член 1 од оваа одлука или 0,70%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и „Службен гласник на град Скопје“.

Бр. 08-55
22 септември 1987 година
Скопје

Претседател,
**Благородна Никодиновска,** с. р.

**238.**

Врз основа на член 26, а согласно член 88 од Статутот на Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на општината Гази Баба, Собранието на Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на општината Гази Баба, на XI-та седница одржана на 18 септември 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА НАМАЛУВАЊЕ СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ЛИЧЕН ДОХОД ОД РАБОТЕН ОДНОС КАКО ПРИХОД НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА НА ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 1987 ГОДИНА ВО ДЕЈНОСТА НА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Член 1

Стапката на придонесот од личен доход од работен однос како приход на Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на општината Гази Баба за месец октомври 1987 година за задоволување на потребите на предучилишното воспитание и образование и општествена заштита на децата се намалува од 1,50% на 1%.

Член 2

Организациите на здружениот труд од основното, средното насочено образование и од социјалната заштита за месец октомври 1987 година ќе уплатуваат 50% од утврдената основица во член 1 од оваа одлука или 0,50%.

Организациите на здружениот труд од високото образование, општествената заштита на децата, организациите што вршат дејност и заштита на културните блага и од областа на сценско-музичките дејности за месец октомври 1987 година ќе уплатуваат 70% од утврдената основица во член 1 од оваа одлука или 0,70%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и „Службен гласник на град Скопје“.

Бр. 08-44
22 септември 1987 година
Скопје

Претседател,
**Павле Миланов,** с. р.

**239.**

Врз основа на член 26, а согласно член 88 од Статутот на Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на општината Кисела Вода, Собранието на Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитние и образование и општествена заштита на децата на општината Кисела Вода, на XI-та седница одржана на 17 септември 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА НАМАЛУВАЊЕ СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ЛИЧЕН ДОХОД ОД РАБОТЕН ОДНОС КАКО ПРИХОД НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА НА ОПШТИНАТА КИСЕЛА ВОДА ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 1987 ГОДИНА ВО ДЕЈНОСТА НА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Член 1

Стапката на придонесот од личен доход од работен однос како приход на Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на општината Кисела Вода за месец октомври 1987 година, за задоволување на потребите на предучилишното воспитание и образование и општествена заштита на децата се намалува од 1,50% на 1%.

Член 2

Организациите на здружениот труд од основното, средното насочено образование и од социјалната заштита за месец октомври 1987 година ќе уплатуваат 50% од утврдената основица во член 1 од оваа одлука или 0,50%.

Организациите на здружениот труд од високото образование, општествената заштита на децата, организациите што вршат дејност и заштита на културните блага и од областа на сценско-музичките дејности за месец октомври 1987 година ќе уплатуваат 70% од утврдената основица во член 1 од оваа одлука или 0,70%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и „Службен гласник на град Скопје“.

Бр. 08-96
8 октомври 1987 година
Скопје

Претседател,
**Зора Аџиева**, с. р.

**240.**

Врз основа на член 26, а согласно член 88 од Статутот, Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на општината Чаир, на XI-та седница одржана на 18 септември 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА НАМАЛУВАЊЕ СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ЛИЧЕН ДОХОД ОД РАБОТЕН ОДНОС КАКО ПРИХОД НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА НА ОПШТИНАТА ЧАИР ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 1987 ГОДИНА ВО ДЕЈНОСТА НА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Член 1

Стапката на придонес од личен доход од работен однос како приход на Самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на општината Чаир за месец октомври 1987 година за задоволување на потребите на предучилишното воспитание и образование и општествена заштита на децата се намалува од 1,50% на 1%.

Член 2

Организациите на здружениот труд од основното, средното насочено образование и од социјалната заштита за месец октомври 1987 година ќе уплатуваат 50% од утврдената основица во член 1 од оваа одлука или 0,50%.

Организациите на здружениот труд од високото образование, општествената заштита на децата, организациите што вршат дејност и заштита на културните блага и од областа на сценско-музичките дејности за месец октомври 1987 година ќе уплатуваат 70% од утврдената основица во член 1 од оваа одлука или 0,70%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и „Службен гласник на град Скопје“.

Бр. 08-52
22 септември 1987 година
Скопје

Претседател,
**Бојко Киранџиски**, с. р.

---

СОДРЖИНА


| | | Страна |
|---|---|---|
| 698. | Закон за републичките награди — — — | 705 |
| 699. | Закон за изменување и дополнување на Законот за општествена заштита на децата | 706 |
| 700. | Закон за изменување и дополнување на Законот за деловните згради и деловните простории — — — — — — — — | 707 |
| 701. | Закон за републичките даноци на граѓаните (Пречистен текст) — — — — — | 707 |
| 702. | Закон за условите и начинот на продажба на станбени згради и станови во општествена сопственост (Пречистен текст) — | 708 |
| 703. | Одлука за помилување на осудени лица | 710 |
| 704. | Одлука за избор на претседател на Уставниот суд на Македонија — — — — | 710 |
| 705. | Одлука за избор на судија на Уставниот суд на Македонија — — — — — — | 710 |
| 706. | Одлука за разрешување претседател на Уставниот суд на Македонија и за разрешување судија на Уставниот суд на Македонија — — — —. — — — | 710 |
| 707. | Одлука за разрешување и именување членови на Републичкиот комитет за сообраќај и врски — — — — — — — — | 710 |
| 708. | Одлука за разрешување вицегувернер на Народната банка на Македонија — — | 711 |
| 709. | Одлука за избор на постојан судија на Основниот суд на здружениот труд — Битола — — — — — — — — — | 711 |
| 710. | Одлука за избор на судија на Окружниот стопански суд во Штип — — — — — | 711 |
| 711. | Одлука за избор на судија на Окружниот стопански суд во Скопје — — — — — | 711 |
| 712. | Одлука за избор на судија на Окружниот суд во Битола — — — — — — — | 711 |
| 713. | Одлука за разрешување заменик на јавниот правобранител на Македонија — — | 711 |
| 714. | Одлука за именување заменици на Окружниот јавен обвинител — Скопје — — — | 712 |
| 715. | Одлука за согласност на Собранието на СРМ со Програмата за дополнување на Програмата за спроведување на задолжителните видови на здравствена заштита | |